

# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

2023 • **ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЗАПАДНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Името на Саломе значи мир, но нејзиниот живот бил сè само не мирен. Таа се борела со опседнатост од демони во западноафриканската земја Камерун. Мисионската сторија можете да ја прочитате на страница 6 од ова списание.


**КАМЕРУН**

4 Божјо дејствување / 7 октомври T

6 Од опседнатост до мир / 14 октомври T

9 Надеж за слепите луѓе / 21 октомври

11 Долгото чекање на стариот човек / 28 октомври

**ГВИНЕЈА**

13 Давен од невидлива рака / 4 ноември T

15 Преобразен / 11 ноември T

































**ГАНА**

17 Пронаоѓање на вистинската школа / 18 ноември T

19 Да се следи вистината / 25 ноември T

21 Влијателна црква / 2 декември

24 Напад со мачета / 9 декември T

26 Госпоѓа Анатомија / 16 декември T

28 Избегнување на заповедите / 23 декември T

30 Програма на 13-тата сабота: Значењето на еден повик / 30 декември T

33 Идни проекти на 13-тата сабота

34 Рецепт: Кандирани кикиритки (Камерун)

34 Извори за водачите


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH

© 2023 General Conference of Seventh-day Adventists • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

Adventist Mission West-Central Africa Division

# Драги водачи на саботната школа,

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



Сакате да извлечете повеќе од искуствата на мисијата од ова тримесечје? Читајте го заедно со библиската поука за возрасни. Библиската поука за возрасни има посебен фокус на мисијата во 4. тримесечје од 2023 година. Библиската поука е напишана од директорите на центарот за проучување на Глобална мисија (globalmissioncenters.org), кои се дел од Адвентистичката мисија, истиот ентитет при Генералната конференција што ги подготвува тримесечно Вестите од светот.

Клучниот елемент на секоја седмична библиска поука е прикажан во страничната лента „Во врска со искуството“ што ја придружува секоја седмична сторија на мисијата.

### Погледнете ги проектите одблизу

Ова тримесечје ќе се посветиме на Западноцентралната африканска дивизија (ЗЦАД), која ја опфаќа работата на Адвентистичката црква на седмиот ден во 22 земји: Буркина Фасо, Камерун, Зеленоʻртски Острови, Централноафриканска Република, Чад, Конго, Екваторијална Гвинеја, Габон, Гамбија, Гана, Гвинеја, Гвинеја-Бисао, Брегот на Слоновата Коска, Либерија, Мали, Мавританија, Нигер, Нигерија, Сенегал, Сиера Леоне и Того. Во оваа дивизија живеат 472 милиони луѓе, вклучувајќи 889.196 верници на адвентистичката црква. Тоа е соодност од еден адвентист на 531 лице.

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат наменети за проекти на мисијата во две држави - Камерун и Гана.

Во Камерун, средствата ќе помогнат да се отвори двојазично англиско/француско основно училиште во Бандџун.

Црковните водачи велат дека во Камерун квалитетното образование е многу ценето, особено меѓународните школи со часови на англиски и француски јазик. Оваа нова школа ветува дека ќе исполни важна мисија.

„Овде многу се цени адвентистичкото образование“, вели Исак Јенге, извршен секретар на мисијата на Камерунската унија, за време на обиколката на двете адвентистички школи, секоја со околу 3.700 ученици, во главниот град Јаунде.

Другиот проект на мисијата од ова тримесечје ќе биде остварен  во Гана, каде што Адвентистичката виша школа за медицински сестри и акушерки ќе добие средства за проширување со нови училници и спални соби.

Оваа виша школа била отворена со само 22 студенти во 2015 година, а денес има 770 студенти. Интересирањето е големо, а школата нема капацитет да прими уште ученици. Ова е вистинска мисионска школа, каде само 30 проценти од академците се адвентисти. Во црквата секоја година се придружуваат на црквата голем број студенти. Прочитајте за три студентки, медицински сестри, што ги запознав во ова школа, вклучително и една жена со прекар „Госпоѓа Анатомија“, на страниците 16, 22 и 24 од мисионското списание.

### Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да преземете PDF со мисионските факти и активности од Западноцентралната африканска дивизија на bit.ly/wad-2023. Следете нè на facebook.com/missionquarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Мисија“ на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Ви благодариме што и другите ги охрабрувате да учествуваат во мисијата!

## Можности

**Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за два проекта на Западноцентралната африканска дивизија:**

- Проширување на Адвентистичката школа за медицински сестри и акушерки во Асаманг, Абрепо Тикесе, Гана.
- Изградба на двојазично  основно училиште во Бандџун, Камерун, во кое наставата ќе се одржува на англиски и на француски јазик.



# Бог дејствува

Жак

КАМЕРУН | 7 октомври 2023

Повеќе од сè, Жак сакал да ги положи приемните испити на факултетот во западноафриканската земја Камерун. Но, вториот дел од испитите биле закажани за во сабота.

„Јас сум адвентист на седмиот ден“, им рекол Жак на професорите кои ги воделе испитите во петок и сабота во центарот за тестирање непосредно пред главниот град на Камерун, Јаунде. „Не можам да ги полагам испитите во сабота“.

„Само дојди и полагај ги испитите“, рекол еден од професорите.

„Треба да ги полагаш“, рекол друг.

„Не“, рекол Жак. „Сакам да знаете дека, ако не ме видите утре, тоа е затоа што сум во црква“.

Некои професори го исмејувале и со потсмев го нарекле свештеник. „Ќе паднеш ако не дојдеш, свештенику“, изјавил еден од нив.

Жак се вратил дома. Тој му го предал своето срце на Исуса со крштавање една година порано и бил решен да го почитува Господарот на саботата. Решил да пости и да се моли во текот на саботниот ден. Таа сабота, тој отишол во црква наместо во испитниот центар. По зајдисонце, се вратил во центарот. Таму немало никој. Испитите биле завршени, а професорите веќе си заминале. Жак се вратил дома.

Рано во недела, тој се вратил во центарот за тестирање. Повторно немало никој. Цел ден чекал некој да дојде. Рано во понеделник, тој пак отишол во центарот. Немало никој, и повторно седнал и чекал.

По извесно време, професорите пристигнале и почнале да ги делат резултатите од испитот. На пладне, директорот на центарот за испити ги прашал професорите како се одвиваат работите.

„Сè е во ред освен овој свештеник овде“, рекол професорот покажувајќи кон Жак.

Професорот објаснил дека Жак одбил да ги полага испитите во сабота.

„Нека ги полага испитите сега“, рекол директорот. „Во ред е.“

Потребни биле двајца наставници за спроведување на последните два испита. Првиот, кој предавал англиски јазик, извадил учебник што Жак не го видел дотогаш и му рекол да чита од него. Додека Жак се пелтечел пред зборовите, професорот го исмевал, велејќи: „Тоа не е во ред! Не знаеш ништо. Како ќе положиш?“

„Прашајте ме нешто друго“, го замолил Жак. „Ве молам прашајте ме нешто друго“.

„Нема да има повеќе прашања“, рекол професорот. „Нема да положиш“.

Додека Жак постојано се молел во себе, професорот тргнал кон вратата за да ја напушти просторијата. Но одеднаш застанал пред вратата. Како некој да поставил блокада или да го задржува. Не можел да излезе. Без

да погледне кон Жак, професорот одеднаш извикал: „Не грижи се“.

Во тој момент повторно можел да се движи, излегол и си заминал.

Следниот професор требало да го испраша Жак за државно управување, историја и географија. Наместо тоа, тој рекол: „Мој господине на саботата, што е саботата?“

Жак го сфатил ова прашање како испитно прашање и решил добро да одговори на него.

„Саботата е дел од Десетте Божји заповеди“, рекол тој, посегнувајќи по Библијата во торбата.

Професорот го запрел. „Остави ја Библијата“, му рекол.

Тогаш рекол дека на Жак му бил испран мозокот и дека државното управување, историјата и географијата се многу поважни од религијата. Жак одговорил дека ги проучувал трите предмети во текот на целата година и не научил ништо толку важно како религијата.

„Религијата е прашање на совеста и може да влијае на целиот мој живот“, кажал тој.

Во истиот момент во просторијата влегол уште еден професор. Првиот професор му рекол на Жак да ја напушти просторијата. Испитот бил завршен.

Подоцна истиот ден, додека Жак се враќал во центарот за тестирање за да ги види резултатите од испитот, еден автомобил застанал пред него. Професорот што му предавал англиски јазик, погледнал низ прозорецот на автомобилот и довикнал:

„Радувај се!“

## Во врска со искуството

- Едно прашање од лекцијата за оваа седмица во Поуката за возрасни гласи: „На кои начини сте го искусиле Божјото присуство во вашиот живот? (видете понеделник, 2 октомври). Разговарајте во саботношколската класа како и на кој начин Жак го видел Божјото присуство. Размислете на кој начин Бог може да се открие во вашиот живот.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Адвентистичката црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 го истанува поучувањето и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Цел бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место и со нивниот живот да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првите адвентисти што дошле во Камерун, Вилијам Харисон Андерсон и Т.М. Френч, двајцата Американци, пристигнале од Јужна Африка во ноември 1926 година. Тие одлучиле првата мисионска станица да биде Нанга Ебоко, а астарешината на племето Бесала Етонг им подарил 55 хектари земја на која ќе ја воспостават мисијата.

Жак се прашувал дали професорот повторно му се потсмева.

Во центарот за тестирање, Жак чекал со другите ученици додека професорот ги прозивал имињата на оние што ги положиле испитите. По-

тоа го слушнал и своето име. Положил! Бил одушевен. Тогаш ги кренал рацете нагоре и извикал: „Боже, ти благодарам!“

Жак го побарал професорот по англиски јазик за да му се заблагодари. „Не ми веруваше кога ти реков да се радуваш“, му кажал професорот. „Ние сакавме да те бутнеме“.

„Зошто не ме бутнавте“, прашал Жак.

Професорот се свртел кон другиот професор што бил во близина.

„Сакав да те бутнам, но не можев“, му се обратил. „Не можам да разберам зошто не можев да те бутнам“.

Жак со восхит гледал во него. Не можел да разбере што се случило, но сè што знаел било тоа дека Бог ги слушнал неговите молитви. Бог го благословил поради тоа што ја почитувал саботата.

Жак сега има 56 години, но тој ден секогаш ќе му остане во сеќавање. „Не се сомневам дека тогаш го видов Бога на дело“, вели тој.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за да се прошири адвентистичкото образование во Камерун со отворање на двојазично училиште во кое децата ќе можат да учат за Исуса на француски и на англиски јазик. Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите дарови.

Ендрју Мекчесни



# Од опседнатост до мир

Саломе

КАМЕРУН | 14 октомври

Името Саломе значи мир. Но, нејзиниот живот бил сè само не мирен во западноафриканската земја Камерун. Таа се борела со демонска опседнатост.

Сè започнало кога Саломе отишла кај својот професор во средното адвентистичко училиште во главниот град на Камерун, Јаунде. Таа зела дополнителни часови со надеж дека ќе дипломира и ќе оди на факултет. Таа била врвна ученичка во својата класа, но постојано паѓала на приемниот испит за факултет. Четири пати паднала. Затоа таа го замолила адвентистичкиот професор да ѝ помогне.

„Можам да се молам за тебе“, рекол професорот.

Идејата ѝ се допаднала на Саломе. „Но постои еден услов“, рекол тој. „Мораш да го доведеш својот живот во согласност со Божјата волја“.

Саломе се согласила. Таа не била адвентист, но сметала дека не треба да менува ништо во нејзиниот живот. Мислела дека живее во согласност со Божјата волја.

Кратко време подоцна, Саломе се сретнала со професорот и во таа пригода се молеле во неговата канцеларија. Само што почнал да се моли, Саломе вреснала. Од нејзината уста излегувале чудни зборови. Професорот продолжил да се моли. Тогаш

Саломе изговорила навреди на сметка на професорот и Бога. Професорот продолжил да се моли. Кога Саломе се смирила, била запрепастена кога го слушнала професорот како го опишува нејзиното однесување. Не можела да се сети на ништо што се случило. Била опседната од лош дух.

„Треба да водиш молитвен живот“, изјавил професорот. „Не се обесхрабрувај. Сè ќе се одвива според Божјата волја“.

По тој ден, лошиот дух се јавувал секогаш кога професорот се молел. Саломе врескала и го пцуела Бога извикувајќи дека го презира Бога. Се грабнала за грлото како да сака да се задави. Понекогаш, собата ја исполнувала непријатна миризба, како труп што се распаѓа. Секогаш професорот продолжувал да се моли додека Саломе одново не би се вратила во нормална состојба.

Кога била смирена, професорот ѝ зборувал за Бога. Саломе почнала да согледува дека нејзиниот живот не е во согласност со Библијата. Таа дознала дека седми ден е сабота. Научила за чесноста. Сфатила дека е неморално што живее со нејзиното момче. Тогаш почнала да донесува одлуки и да прави промени. Го напуштила своето момче и почнала да оди во црква во сабота.

Но, тогаш се случил нов демонски напад во нејзиниот дом. Саломе имала силна главоболка и ја повикала својата пријателка од Адвентистичката црква за да ѝ помогне. Кога пријателката подоцна се јавила да провери како е, Саломе не одговарала на телефонскиот повик. Пријателката дошла во домот на Саломе за да види што не е во ред. Кога влегла во куќата, почувствувала мирис на распаднат труп. Таа веднаш почнала да се моли. Знаела дека на Саломе не ѝ требаат

## Во врска со искуството

- Лекцијата од оваа седмица во библиската поука за возрасни нагласува дека примарниот фокус на Големиот Исусов налог во Матеј 28,18–20 е создавањето ученици. Поставете прашање во вашата саботношколска класа: На кои начини професорот на Саломе работел на исполнувањето на Исусовиот налог за создавање ученици. Можни одговори: тоа што се молел за Саломе, ја охрабрувал да живее според Божјата волја и ја поучувал за библиските вистини. Разговарајте за прашањето од лекцијата: „Како овој мандат на Учителот влијае на тоа како живеете и како им служите на другите? (видете понеделник, 9 октомври).
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Адвентистичката црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 го истанува поучувањето и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првите шест домородни луѓе до Камерун, кои се преобратиле и станале адвентисти на седмиот ден, биле крстени во април 1929 година. Тоа биле Нди Даниел, Мејо Ендангте Хосуе и Антоан Мфоуми, заедно со нивните сопруги.

лекови или болница, туку Исус. Открила дека Саломе не може да се движи ниту да зборува. Била парализирана. Пријателката се молела речиси три часа пред Саломе повторно да се врати во својата нормална состојба.

По извесно време се случил и друг напад, овојпат во Адвентистичката црква. Додека се кршел лебот за време на обредот Вечера Господова, додека се делеле лебот и виното, Саломе паднала на подот, а со својата рака повторно се фатила за грлото. Се кренал метеж, и некои луѓе се исплашиле и побегнале, други се молеле, а трети пееле химни. Со слободната рака Саломе грабнала една од чашите за причест во која имало непревриено вино и ја скршила од подот. Се обидела да ја скрши за да може да се исече самата себе. Ѓаконите ја изнеле Саломе од црквата.

Со секој нов напад, Саломе станувала сè порешителна да го доведе својот живот во согласност со Божјата волја. Го завршила проучувањето на основните вистини и решила да му го предаде срцето на Исуса со крштевање.

Лошиот дух го извршил својот последен напад. Кога Саломе се приближувала до базенот за крштевање во црквата, таа паднала на подот. Се чинело како невидена сила да ја спречувала да влезе во базенот. Пасторот, чекајќи во водата, ја видел нејзината борба и ги подал рацете кон неа за да ѝ помогне. Но, Саломе, сега под контрола на лошиот дух, одбила да ја дофати неговата рака. Пасторот не обрнувал внимание на тоа и ја нурнал во водата. Таа бесно возвратила кога тој се обидел да ја нурне под водата. Знаел дека лошиот дух, а не Саломе, се спротивставува на крштевањето.

Кога Саломе излегла од водата, лошиот дух си заминал. Таа се насмевнала сета исполнета со радост.

По крштевањето, лошиот дух никогаш повеќе не ја опседнувал ниту ја малтретирал. Но, таа го слушнала како ја исмева додека се подготвувала да го полага приемниот испит за факултет по петти пат. Тој ѝ рекол дека никогаш нема да успее и дека во нејзин живот ќе доживее неуспех. Саломе го положила испитот.

Денес Саломе има 31 година и живее во мир. Станала ѓакон во црквата, а исто така предава и во адвентистичкото средно училиште каде што некогаш учела. Таа го слави и го фали Бога што четири пати паднала на приемниот испит на факултет.

„Бог го искористи неуспехот на испитот за да ме одведе кај професорот, кој почна да се моли за мене – а потоа да го сфатам присуството на лошиот дух во мојот живот и да се ослободам од него“, вели таа.

Дел од Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне да се прошири адвентистичкото образование во Камерун со отворање на двојазично училиште каде децата ќе можат да учат за Исуса на француски и на англиски јазик.

Ендрју Мекчесни


Козма

# Надеж за луѓето кои се слепи

КАМЕРУН | 21 октомври


Аполинер

Евангелистот лаик Козма имал неочекувана средба со човек кој бил слеп додека се подготвувал да одржи евангелски состаноци во Дуала, најголемиот град во западноафриканската земја Камерун.

Човекот му рекол на Козма: „Ако имаш во план некој мисионски проект во животот, тој план би требало да биде насочен кон луѓето кои се слепи“.

Овие зборови одѕвонувале во умот на Козма.

Таа ноќ сонувал сон во кој разговарал со слеп човек.

Следното утро, тој се прашувал дали сонот е поврзан со човекот што го запознал претходниот ден.

Тој ден, додека продолжил со подготовките за евангелските состаноци, сретнал уште 10 слепи луѓе. Таа ноќ сонувал дека се наоѓа на фудбалски стадион полн со луѓе кои биле слепи. Кога се разбудил, почувствувал дека можеби Бог го повикува да работи со луѓе кои се слепи.

Тоа било во 2014 година. Денес Козма надгледува група од 350 слепи луѓе. Тој им проповеда, им изнесува искуства на луѓето од Библијата, им помага во исполнувањето на нивните социјални и образовни потреби. Неколкумина меѓу нив се крстиле. Еве две нивни приказни.

**Аполинер**

Аполинер е механичар кој работел речиси 20 години за француски производител на автомобили. Во 1990 година почнал да има проблеми со очите и неговиот вид постепено се намалувал за, најпосле, во 2004 година, да ги изгуби и видот и работата.

Седејќи дома, тој поминувал многу време слушајќи радио. Една сабота навечер тој слушнал емитувањето на адвентистичката емисија, „Пишано е“.

Козма зборувал на едночасовна програма за слепи луѓе и ги повикал слушателите да дојдат во црква во сабота наутро.

Тој понеделник Аполинер отишол во радиостаницата за да го најде Козма. Еден техничар му рекол дека Козма работел во болница во текот на седмицата. Така, Аполинер отишол во болницата. Таму го нашол Козма и двајцата се договориле да се сретнат во црква во сабота. Оттогаш Аполинер продолжил да оди во црква секоја сабота.

По некое време, тој се крстил и станал член на Адвентистичката црква.

Денес Аполинер има 58 години и вели дека му е мило што може да присуствува на богослуженијата со луѓето кои го сакаат Бога, кои заедно го слават, и со луѓето кои се слепи. „Бев восхитен како Бог ги води луѓето да пронајдат и да се грижат за оние кои се слепи“, вели тој. „Општеството главно нè отфрла“.

## Во врска со искуството

- Козма ја препознал потребата во неговата заедница кога основал група за поддршка на слепи лица. Саботношколската поука за оваа седмица ги охрабрува читателите да ги препознаат луѓето со посебни потреби во нивната заедница и да се молат за можност да допрат до нив (видетееете четврток, 19 октомври). Раазговарајте со членовите на саботношколската класа за тоа какви поуки можат да извлечат од примерот на Козма.

Прочитајте за искуствата на швајцарскиот пионер Ема Козендаи во Адвентистичката Интернет-енциклопедија: bit.li/Cosendai-Bio

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентрална африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови [и]...меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

### Флора



Кога Флора имала 32 години почнала да чувствува силни главоболки. Никогаш немала проблеми со очите, но за три месеци целосно го изгубила видот.

Флора се чувствувала отфрлена од општеството. Изолирана дома, таа почнала да слуша радио и особено емисијата „Пишано е“. Вниманието посебно ѝ ја привлекла програмата што ја водел Козма.

Флора отсекогаш гледала на Исуса како на човек свештеник, на Некој од кого може да побара помош кога би имала проблеми. Меѓутоа, додека ја слушала „Пишано е“, дознала за Исус кој може да го промени животот на луѓето. Дознала дека Адвентистичката црква ги цени луѓето кои се слепи и дека во сабота за нив организира служба. Одлучила да оди во црква.

Како што минувале месеците, таа повторно почнала да се насмевнува и да се чувствува среќно. Кај неа растела желбата да ја сподели својата радост со другите. Таа, исто така, била крстена и се приклучила на Адвентистичката црква.

По извесно време Флора запознала верник во црквата кој сакал да се ожени со неа. Неговото семејство се спротивставило на тој брак, но тој ги прашал: „Да сум слеп, зар не би сакале да можам да се оженам? Кога тие потврдиле дека би го направиле тоа, тој рекол: „Тогаш дозволете ми да се оженам за Флора“. Двојката се венчала во 2022 година.

Денес, Флора има 40 години и ги поучува слепите луѓе како да користат компјутери. Сепак, најголема радост ѝ причинува тоа што може да им зборува на луѓето дека Исус ги сака и дека не отфрла никого.

„Јас сум личност која е слепа, но живеам радосен живот“, вели таа. „Имам место во светот и ништо не ми недостига“.

Швајцарскиот мисионер Еме Косендаи, кој во 1963 година ја основал радиопрограмата „Пишано е“ во Камерун, бил пионер на црковното дело во Камерун, а во текот на својата педесетгодишна работа, во оваа земја и низ цела Африка, основал стотици црковни училишта.

Даровите на 13. сабота во текот на ова тримесечје ќе помогнат да се отвори уште едно црковно училиште, двојазично училиште, каде децата ќе можат да учат за Исуса на француски и англиски јазик.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови за да го одржите жив духот на мисијата во Западна Африка.

Ендрју Мекчесни





# Долгото чекање на старецот

Козма

КАМЕРУН | 28 октомври

Оваа сторија зборува за еден постар човек од западноафриканската земја Камерун.

Мбаси работел за тутунска компанија во главниот град Јаунде. Правел цигари.

Во тој град во 1953 год. запознал еден швајцарски мисионер кој му понудил да започнат со библиски проучувања. Се заинтересирал за она што го читал и набргу почнал да го празнува седмиот ден сабота. Во него растела желбата да му ги предаде својот живот и своето срце на Исуса и да се крсти.

Меѓутоа, неговата молба за крштевање била одбиена. Причината била тоа што работел во тутунска компанија. Исто така, понекогаш работел и во сабота.

Мбаси бил многу разочаран, но продолжил да оди во црква во саботата секогаш кога можел. Но секогаш кога одел во црква, имал проблем на работа. Тој на крајот добил отказ од својата работа поради саботата.

Мбаси потоа се вратил во родниот град. Не бил крстен, но продолжил да ја празнува саботата и тоа го правел 52 години.

Мбаси остарел. Косата му станала сива. Неговиот вид ослабел. Но, неговата љубов кон Исуса станувала сè посилна секој ден. Тој копнеел да се крсти.

Еден ден, еден адвентистички проповедник дошол во неговиот град за да организира серија евангелски состаноци. Кога жителите на градот слушнале дека тој го празнува седмиот ден, му рекле дека и еден постар човек исто така ја празнува саботата во нивниот град.

„Постариот човек има внук кој е свештеник“, кажало едно лице. „Но, тој не присуствува на неделните бо-

## Во врска со искуството

Овонеделната саботношколска поука става предизвик пред читателите кои живеат во големите градови да најдат практични начини за исполнување на мисијата (видете петок, 27 октомври). Поставете прашање во својата саботношколска класа како Козма (и мисионерот Еме Косендаи пред него) ја ширеле мисијата во раздвижениот забрзан главен град на Камерун, Јаунде, каде што живееле и двајцата. Можни одговори: со помош на молитвата, благодарение на нивната подготвеност да одат на далечни патувања, домашни посети и библиски проучувања.

Читајте за искуствата на швајцарскиот пионер Ема Козендаи во Адвентистичката Интернет-енциклопедија: bit.li/Cosendai-Bio

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентрална африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел бр. 2:„Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови [и]...меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org .

## Брзи факти

Камерун стекнал независност на 1 јануари 1960 г., а станал членка на Обединетите нации на 20 септември истата година.

Камерунскиот франк е официјална монетарна валута во Камерун.

Adventist Mission West-Central Africa Division

гослужби во црквата на својот внук, иако црквата е спроти неговата куќа.

„Има друга црква на една улица од неговата куќа“, додаде друго лице. „Но, тој не оди на службите таму ниту во недела“.

Адвентистичкиот проповедник дознал дека мештаните со години му се потсмевале на старецот, велејќи дека тој е адвентист по име само затоа што никогаш не бил крстен.

Проповедникот веднаш се упатил кон куќата на старецот.

Мбаси бил во лоша здравствена состојба. Лежел во кревет. Тој рекол дека се молел последните два дена: „Господи, како да умрам без да бидам крстен? Ја празнувам саботата од 1953 година, но сè уште не сум се крстил. Ако навистина сум Твое дете, помогни ми да се крстам пред да умрам“.

Проповедникот и старецот се помолиле заедно.

Потоа проповедникот ја проучувал Библијата со овој стар човек во следните две недели. Проповедникот, чие име е Козма, работел во адвентистичката болница која се наоѓала на 70 километри, во Јаунде. Секој ден морал да помине тежок пат за да дојде и да ја проучува Библијата со стариот човек.

Конечно, Мбаси се крстил. Имал 84 години. Тој бил слаб , па морале да го однесат до реката. Но тој цело



*Крштевањето на Мбаси.*

време се смешкал. Со насмевка на лицето бил нурнат во водата, а излегол со уште поголема насмевка. Бог одговорил на неговите молитви да се крсти.

Мисионерот Еме Косендаи бил пионер на црковното дело во Камерун и за време на неговата повеќе од 50-годишна работа во оваа земја и низ цела Африка, основал стотици црковни училишта.

Ова тримесечје даровите на 13-тата сабота ќе помогнат да се отвори уште едно црковно училиште, двојазично, каде што децата ќе можат да учат за Исуса на француски и на англиски јазик.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови и на тој начин да го одржите духот на мисијата во Западна Африка жив.

Ендрју Мекчесни





# Давен од невидлива рака

Теофан

ГВИНЕЈА | 4 ноември

Нешто страшно се случило додека Теофан се подготвувал да тргне во средно училиште во западноафриканската земја Гвинеја едно саботно утро. Некој го грабнал за гуша.

Но Теофан не можел да види кој го дави. Сè што знаел е дека не можел да дише. Преплашен од овој настан, побегнал од дома и истрчал на училиште. По некое време, повторно можел да дише нормално.

Но, тоа било само почеток. Кога Теофан најмалку го очекувал тоа, би почувствувал како невидлива рака му го стега грлото и го прекинува дотокот на воздух. Борејќи се за воздух, бегал и се обидувал да најде место каде што можел повторно нормално да дише.

Татко му го однел во болница, но докторот не можел да најде ништо. „Се е во ред", рекол тој. Татко му го однел во друга болница. Но, ниту таму докторот не можел да најде ништо.

Изгледало како сè да било во ред, а тој не можел да дише!

Татко му го однел и во психијатриска болница, а лекарот му препишал одредени лекови. Теофан се чувствувал подобро по земањето на лекот, но тоа не ги спречило нападите. По некое време, апчињата воопшто не му помагале. Не знаел што да прави.

Во тој момент му се обратил некој глас. „Оди во црква", рекол гласот. Теофан не разбрал.

Уште од дете одел во црква секоја недела. Тој престанал да оди една година порано и немал причина да се врати. Го игнорирал гласот.

Но, нападите сепак се случувале, а гласот била упорен: „Оди во црква."

Теофан се прашувал дали Бог разговара со него. Почнал да ја чита Библијата. Откако ја прочитал Библијата, сфатил дека ноќе подобро спие. Решил повторно да оди во црква во недела со семејството.

Во тоа време чичко му дошол да го посети. Теофан му кажал за нападите поради кои тешко дише и за непоколебливиот глас кој го насочувал кон црквата.

## Во врска со искуството

Чичкото на Теофан работел како пионер на светската мисија, ширејќи ја Исусовата љубов меѓу нехристијаните во Гвинеја. Меѓутоа, неговата улога се променила кога на неговиот внук, христијанин, му била потребна помош. Во поуката за оваа седмица се поставува прашање до читателите на кој начин тие ја гледаат својата улога во мисијата и како нивното разбирање би можело да се промени ако нивната животна улога едноставно би се опишала како „Божји претставник/амбасадор“ на Земјата (видете понеделник, 30 октомври). Поставете прашање во вашата саботношколска класа дали титулата Божји амбасадор одговара на улогата на чичкото во оваа мисионска сторија. Молете се со вашата саботношколска класа и барајте од Бога да ви помогне подобро да го разберете Него и вашата улога во Неговата мисија.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентрална африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионерската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

Муслиманите сочинуваат мнозинство во сите четири главни региони на Гвинеја. Христијаните се најбројни во главниот град Конакри, а во другите големи градови на југот на земјата и во источниот шумски регион исламот е позастапен. Во шумскиот регион може да се сретнат автохтони/домородни религиозни верувања.

Adventist Mission West-Central Africa Division

Чичкото на Теофан бил адвентист и работел како пионер во светската мисија во Гвинеја.

Пионер во светската мисија е мисионер кој ја шири веста за Исус меѓу недосегнатите луѓе во својата земја. Чичкото на Теофан обично работел со луѓе кои не биле христијани, но сега видел дека на неговиот внук му треба помош.

„Треба да одите во адвентистичката црква да се молите“, рекол вујкото. „Тоа би било најдоброто решение за тебе.“

Следната сабота Теофан отишол во црква со својот вујко и го поминал целиот ден таму. По зајдисонце се вратил дома исполнет со внатрешен мир каков што никогаш порано не почувствувал. Таа ноќ спиел поцврсто отколку што спиел претходните неколку месеци.

По ова, секоја сабота одел во адвентистичката црква и во недела и во четврток на молитвени состаноци. На секој собир луѓето се молеле за него. Тие барале од Исуса да дејствува за да ги спречи демонските напади.

Како што минувало времето, нападите станувале сè послаби и поретки додека целосно не престанале. Теофан сфатил дека црквата е важна. Неговиот случај ја надминувал помошта на лекарите. Само Исус можел да го спаси. Тој му го предал своето срце на Исуса и се придружил на Адвентистичката црква.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота кои пред три години помогнаа адвентистичкото училиште во Конакри да се прошири со нови училници.

Продолжението на сторијата за Теофан следете го следната седмица.



# Преобразен

Теофан

ГВИНЕЈА | 11 ноември

Таткото бил вознемирен кога Теофан се приклучил на адвентистичката црква на седмиот ден во западноафриканската земја Гвинеја. Таткото бил водач на друга христијанска деноминација и се срамел што неговиот син, средношколец, избрал друга вера.

„Имаш една недела да се премислиш", му рекол тој. „Ако не дојдеш во црква со мене во недела, подобро е секој да тргне по својот пат".

Теофан била тажен. Тој многу го сакал својот татко. Но, тој исто така ја искусил Исусовата сила откако неговиот чичко го поканил да се приклучи на Адвентистичката црква. Имал демонски напади кои престанале дури тогаш кога адвентистите се молеле за него. Потоа, читајќи ја Библијата, дознал дека христијаните треба да ја празнуваат саботата, а не првиот ден од седмицата, недела. Теофан не сакал да се врати на стариот живот. Ако не може да остане дома, ќе си замине. Се преселил кај некој свој пријател што живеел во соседството.

Дедото на Теофан решил да се вмеша. Како најстар во семејството, тој бил многу почитуван. Теофан го добил своето име по него. „Ти си збунет", рекол дедото. „Ќе закажам состанок со свештеникот. Тој ќе ти помогне да ја разбереш вистината".

Дедото и таткото го однеле Теофан кај свештеникот. Тој не бил кој било свештеник. Тој бил водечки теолог, кој предавал на универзитет.

„Што те натера да ја напуштиш црквата?", го прашал свештеникот Теофана. Теофан ја отворил својата Библија кај текстот 2. Мојсеева 20 глава. „Би сакал да ги проучиме Десетте Божји заповеди", рекол тој.

Ја прочитал првата заповед, која гласи: „ Јас сум Господ, твојот Бог, Кој те изведов од египетската земја, од домот на ропството. Немај да имаш други богови освен мене" (2. Мојсеева 20,2.3). Потоа ја прочитал втората заповед, која забранува обожавање на икони.

Свртувајќи се кон свештеникот, тој побарал од него да му ги објасни првите две заповеди.

Свештеникот ги бранел иконите во црквата. Тој рекол дека Израелците се спасиле гледајќи во бронзената змија што Мојсеј ја подигнал во пустината, а христијаните денес можат да се спасат со гледање на иконите.

Теофан продолжил на четвртата заповед, која вели: „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш. Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни добитокот твој, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе. заштто за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сѐ што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети" (2. Мојсеева 20,8-11).

ГВИНЕЈА

## Во врска со искуството

- Овонеделната поука зборува за христијанската мотивација за мисија. Разговарајте за мотивацијата на христијаните во мисионската сторија од оваа седмица, вклучувајќи ги, од една страна, таткото, дедото и свештеникот на Теофан, а од друга, Теофан и неговиот чичко. Прашајте во саботношколската класа што може да се научи од овие примери.

  Лекцијата од оваа седмица ја нагласува и радоста што ја имаат верниците кога доживуваат лична средба со Христа. Разговарајте за тоа како Теофан ја нашол радоста во сведочењето. Зошто неговиот татко, дедо и свештеник не ја делеле неговата радост? Што се случило за таткото да се премисли? Можен одговор: таткото не само што слушнал за Исуса од својот син, туку го видел Исуса и во неговиот променет живот.

  Чичкото на Теофан работи како пионер во светската мисија во Гвинеја. Пионер на светската мисија е мисионер кој сведочи за Исуса меѓу недосегнатите луѓе во неговата или во туѓа земја. Чичко му обично работи со луѓе кои не се христијани, но во овој случај видел дека на неговиот внук му е потребна помош.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентрална африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org .

Adventist Mission West-Central Africa Division

Свештеникот возвратил велејќи дека законот бил променет. Теофан одговорил со зборовите на Исус: „Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам Законот или Пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам“ (Матеј 5,17).

Тогаш свештеникот го обвинил Теофан дека не ја почитува петтата заповед. „Зарем не го сакаш татко ти?“, прашал тој. „Не го правиш тоа што тој ти кажува да го правиш. Бог вели: ‚Почитувај ги таткото свој и мајката своја‘“.

Теофан одговорил: „Но Исус рече: ‚Кој љуби татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој љуби син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене‘“ (Матеј 10,37).

Свештеникот погледнал кон таткото. „За твојот син е готово“, рекол тој. „Не дозволувајте да живее со вас бидејќи ќе влијае на другите домашни.“

Излегувајќи од куќата на свештеникот, таткото се налутил. Тој се заканувал дека ќе му го запали изводот на Теофан од матичната книга на родените и дека ќе ги прекине сите врски со него. Тој го проколнал својот брат кој го поканил Теофан во Адвентистичката црква.

Теофан го бранел својот чичко. „Никогаш не ме научи на ништо лошо“, одговорил тој. „Тој само ми го покажа патот.“

Таткото му се пожалил на својот брат кој го потсетил на демонските напади. „Теофан имаше длабок проблем“, му рекол тој. „Го носевте кај многу лекари и тие му даваа лекови. Дадовте сè од себе, но ништо не помогна. Тие напади престанаа дури кога верниците од црквата почнаа да се молат за него. Момчето не ме следи. Тој ја следи Божјата реч“.

Поминале осум месеци. Животот на Теофан драстично се променил. Не само што бил ослободен од демонските напади, туку пораснал во љубезен и великодушен млад човек. Соседите кои некогаш барале од своите деца да не му пристапуваат на Теофан поради неговото „лошо“ влијание, сега сакале нивните деца да бидат како него. Таткото бил зачуден од извонредната промена во животот на Теофан, па му се јавил на својот брат да му се заблагодари.

„Ти благодарам за она што го направи за мојот син“, рекол тој. „Момчето што го познававме претходно не е истата личност денес.“

Денеска Теофан живее во својот дом и слободно ја празнува саботата. Тој се моли татко му и дедо му да го запознаат Исуса, кој го променил неговиот живот.

„Мојата молитва сега е Бог да го промени нивното срце, да можат да ми се придружат во нова вера и да можеме да се молиме заедно“, вели тој.

Ви благодариме за даровите за тринаесеттата сабота пред три години што му помогнаа на адвентистичкото училиште да се прошири со изградба на нови училници во Конакри, Гвинеја.

Ендрју Мекчесни

ГАНА



# Наоѓање на вистинското училиште

Нусрат

ГАНА | 18 ноември

Десетгодишната Нусрат не можела да разбере зошто една жена која боледувала од дијабетес редовно доаѓала во нејзината куќа за баба ѝ да ѝ ја превива раната.

„Дали ти се допаѓа оваа жена и затоа секогаш ѝ помагаш и ѝ ја превиваш раната?“, ја прашала баба си.

„Тоа е моја одговорност како медицинска сестра“, одговорила бабата. „Јас тоа го работам.“

Работата на баба ѝ ѝ се допаднала на ова мало девојче. Сакала да биде како баба ѝ - да им помага на луѓето. Почнала да сонува да стане медицинска сестра во нејзината татковина Гана.

Баба ѝ ѝ препорачала неколку училишта за медицински сестри откако Нусрат завршила основно училиште. Но, Нусрат немала пари да се запише. Мајка ѝ веќе ѝ помагала на нејзината постара сестра да студира на Учителскиот факултет, а таа не можела да ѝ помогне на Нусрат да стане медицинска сестра.

Поминале три години. Сонот на Нусрат изгледал недостижен.

Еден ден, Нусрат му кажала на својот вујко, кој дошол да ги посети, за нејзината желба да стане медицинска сестра. Вујкото Нуредин бил медицински техничар.

Тогаш вујкото нашол решение. Својата диплома за медицински техничар ја стекнал на Универзитетот Вали Вју, кој е поврзан со Адвентис-

## Во врска со искуството

- Библиската лекција за оваа седмица има за цел да им објасни на читателите што значат зборовите на Исус во практика: „Тој одговори и рече: ‚Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си!'" (Лука 10,27) (видете вторник, 14 ноември). Поставете прашање во саботношколската класа како вујкото Нуредин ја доживеал таа љубов на адвентистичкиот универзитет. Како Нусрат ја доживува таа љубов во школата за медицински сестри? Како може саботношколската класа да ја покаже таа љубов оваа седмица?

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Адвентистичката црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови [и]...меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења". Цел бр. 4: „Да ги зајакнеме адвентистичките институции кои се стремат да ја зачуваат слободата, целокупното здравје и надежта во Исуса, како и да работиме на обликување на карактерот и Божјиот лик кај луѓето." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Адвентистичката црква на седмиот ден во Гана е поврзана со жена по име Хана Мор (1808–1868). Таа работела како мисионерка за друга деноминација во западна Африка кога го прифатила адвентистичкото учење додека била на одмор во Соединетите Држави.

  Френсис Долфин (починал околу 1914 година) бил првиот домашен мисионер на Адвентистичката црква во Гана. Откако прочитал трактат за саботата, тој решил да ја шири својата новооткриена вера насекаде по златниот брег на Гана.

тичката црква на седмиот ден, велејќи ѝ на својата внука дека адвентистичкото образование е достапно.

Нусрат била заинтересирана, но и загрижена. Таа, нејзиниот вујко и другите членови на семејството припаѓале на друга светска религија. Како дете учела во христијанско училиште и се чувствувала многу непријатно.

„Секогаш се чувствував како аутсајдер бидејќи не можев да ги пеам песните и не разбирав како се молат", кажува таа.

Вујкото Нуредин одговорил дека адвентистичките училишта не се како другите христијански училишта.

„Се чувствував целосно слободен да го славам Бога и да се молам како што сакав во Валиј Вју", рекол тој. „Нема дискриминација."

Тој признал дека се чувствувал малку непријатно кога прв пат влегол во адвентистичката црква. „Тогаш ми рекоа: ‘Запомни дека се наоѓаш во присуство на Бога, а не во црква'".

„Тоа многу ми помогна да разберам дека овој пристап кон богослужението е различен, бидејќи целата служба се одвива во присуство на Господа Бога."

Вујкото Нуредин рекол дека одел на секоја црковна програма на универзитетот, но никој не го спречил да се моли според неговите лични убедувања.

Нусрат била охрабрена од искуството на нејзиниот вујко. „Би било убаво да се оди во школа во која ви е дозволено да се молите како што сакате и да се чувствувате добредојдени. Тоа би било

најдоброто место каде што може да се биде“.

Универзитетот Валиј Вју бил далеку, а Нусрат барала адвентистичка школа поблиску до нејзиниот дом. Таа пронашла адвентистички колеџ за обука на медицински сестри и акушерки.

Нусрат денеска ја завршува првата година. „Заедно учиме химни во саботната школа и заедно одиме во црква“, вели таа. „Почнав да уживам на саботните богослуженија.“

Неодамна таа му кажала на вујко ѝ дека нејзиниот впечаток за адвентистичкото образование е точен.

„Тоа што ми го кажа е вистина“, му рекла таа. „Нема дискриминација.“

Вујкото се израдувал кога ја слушнал оваа добра вест.

„Знаев дека ќе ти биде пријатно таму“.

Вашите дарови на 13. сабота ќе помогнат да се прошири колеџот за обука за медицински сестри и акушерство со изградба на нови училници и спални соби. Колеџот бил отворен со 22 ученици во 2015 година, а сега има 770 ученици. Постои голем интерес, а школата нема можност да прифати повеќе ученици.

Ова е вистинска мисионска школа, бидејќи само 30 проценти од учениците се адвентисти. Секоја година на црквата ѝ се придружува голем број ученици.

Ви благодариме за вашата подготвеност да приложите великодушни дарови 13-тата сабота од ова тримесечје, на 30 декември.

Ендрју Мекчесни





# Да се следи вистината

Обед

ГАНА | 25 ноември

Дедото му предложил на Обед да се запише во адвентистичкото средно училиште во западноафриканската држава Гана. Но, очувот на Обед остро се спротивставил на оваа идеја.

„Нема да го пуштам да оди во тоа средно училиште бидејќи ќе се врати како адвентист“, рекол очувот на Обед, кој бил свештеник на друга христијанска деноминација.

Обед на крајот се запишал во државната интернатска школа. Таму дознал за адвентистите.

Додека бил на училиште, секоја недела присуствувал на црковните служби со други ученици во една од училниците. Тој верно Го прославувал Бога од година во година.

На крајот на завршната година, учениците од пониските одделенија биле испратени дома, додека матурантите еден месец се подготвувале за завршните испити. Бидејќи на кампусот имало малку ученици, неделните служби биле откажани. Поминало една седмица, втора, трета. На Обед му недостасувале неделните состаноци.

## Во врска со искуството

- Овонеделната библиска поука опишува како верноста на пријателите му помогнале на беспомошниот фатен човек во Лука 5,17-26 (видете недела, 19 ноември). Каква помош му пружила на Обед верноста на неговите пријатели, кои биле адвентисти? Можен одговор: со едноставно одење во црква во сабота, пријателите на Обед го довеле до подлабока вера. Верата произведува вера. Верата на неговите пријатели станала вера на Овид, а тој бил верен на вистината што ја дознал. Побарајте од учениците на саботната школа да размислат за начините на кои секој посебно може да им помогне на своите пријатели (видете понеделник, 20 ноември).
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионерската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Кристијан Абрахам Ака (1883–1912) бил еден од основачите на адвентистичката црква на седмиот ден во Гана. Покрај неговата работа во литературниот евангелизам, ги основал првите две цркви и првите две училишта во округот. Тој бил првиот Ганец кој била ракоположен за црковен старешина и служел како член на унискиот извршен одбор сѐ до неговата прерана смрт на 29-годишна возраст.

Во последниот викенд пред завршните испити, видел тројца другари од одделението како го напуштаат кампусот во сабота наутро. Биле убаво облечени, и рекле дека ќе одат во црква.

„Може ли да дојдам со вас?“ прашал Обед.

Обед им се придружил на двете момчиња и една девојка и отишол со нив во адвентистичката црква. Се зачудил кога ги слушнал како пеат во придружба на посебна музика за време на богослужението. Зборовите од песната го допреле неговото срце.

Следниот понеделник, тој ја прашал една од девојките адвентисти, Сандра, да му позајми песнарка. Сакал да ги препише зборовите од песната што ја слушнал таа сабота. Сандра му дала песнарка и го научила да ја пее таа песна. Тогаш Обед ја замолил Сандра да го научи и други песни од песнарката. Двајцата заедно пееле многу песни за време на завршната испитна седмица.

Химните го разбудиле интересот на Обед за Адвентистичката црква на седмиот ден, и тој сакал да дознае повеќе за неа.

Но, што би рекол неговиот очув? Се сетил дека очувот не му дозволувал да оди во адвентистичко училиште, изразувајќи страв дека Обед може да стане адвентист.

По завршувањето на средното училиште, летото го поминал дома. Тој ѝ помагал на мајка си да продава пржена риба и банка, каша од пченка, покрај патот. Не се осмелувал да оди во црква во сабота, но очајно сакал да се при-

клучи на адвентистичката црква. Тој видел дека локалната адвентистичка црква има молитвени состаноци од 19 до 20 часот секоја среда. Така тој смислил план. Ќе ја остави мајка си на еден час во среда навечер, велејќи ѝ дека треба да оди во тоалет. Јавниот тоалет не бил далеку од местото каде што продавале храна. Тој јавен тоалет се наоѓал во близина на Адвентистичката црква.

Обед одел во адвентистичката црква во среда навечер два месеци. Научил нови песни. Тој научил нови вистини за Бога во Библијата. Знаел дека ја нашол вистината.

Кога влегол на колеџ таа есен, веднаш ги побарал студентите адвентистина кампусот. Кога ги нашол, им се придружил на богослуженијата во сабота. Набргу тој се крстил.

Дедото на Обед бил одушевен кога дознал дека неговиот внук се приклучил на адвентистичката црква. Неговиот очув, меѓутоа, бил вознемирен, но на крајот ја прифатил одлуката на Обед.

Денес, Обед работи како помошник администратор во канцеларијата на Јужната област на Ганската унија во Акра. Тој вели дека е важно да ја следите вистината дури и ако родителите или другите се обидуваат да ве спречат.

„Кога ќе ја пронајдете вистината, не треба да дозволите ништо да ве оддалечи од неа. Треба да го следите она што знаете дека е вистина и, во време што Бог го одредил, Тој ќе дозволи да Му служите во црквата“.

Дел од вашите дарови на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се прошири адвентистичкото образование во Гана. Средствата ќе се вложат за изградба на нови училници и спални соби во училиштето за медицински сестри и акушерки, кое при отворањето во 2015 год. имало 22 ученици, а сега има 770 ученици.

Ова е вистинско мисионско училиште, каде само 30 отсто од учениците се адвентисти.

Ви благодариме за вашата готовност да приложите великодушни дарови 13-тата сабота во ова тримесечје, на 30 декември.

Ендрју Мекчесни






# Влијателна црква

Питер Дуоду и
Семјуел Марфон

ГАНА | 2 декември

Не секој проект на 13-тата сабота може да инспирира уште еден голем проект. Но, токму тоа се случило во Акра, главниот град на западноафриканската држава Гана.

Пред околу 15 години, војската на Гана ѝ подарила на Адвентистичката црква на седмиот ден парцела во една од нејзините главни касарни во Акра. Парцелата била бесплатна. Единственото барање било адвентистичката црква да изгради црква на тоа земјиште.

## Во врска со искуството

- Овонеделната лекција од саботната школа зборува за важноста на сведочењето на оние што се на власт. Прашајте ја саботношколската класа на кој начин црквата во касарната служела како Божји сведок на оние што имаат власт. На кои сè начини адвентистите можат да допрат до влијателните луѓе?
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Традиционалната облека на жителите на Гана е светлата и шарена ткаенина кенте (од зборот „кентон“ што значи кошница) направена со рачно ткаење ленти од свила и памучна ткаенина. Во минатото, таква ткаенина носеле кралевите Ашанти и Еве, како и кралиците и принцезите од народот Дагбон. Денес е популарно да се носи таа традиционална облека за посебни прилики.

  Пазарот Кејети во Кумаси, провинцијата Ашанти, е најголемиот пазар на отворено во западна Африка. Има повеќе од 10.000 продавници и тезги кои нудат широк спектар на производи, од зачини до сандали Ашанти, од пластични мониства до злато и сребро.

Војската побарала да се изгради Христијанска адвентистичка црква каде што војниците би можеле да го прославуваат Бога.

Членовите на црквата од Гана приложиле пари за овој проект. Тие сакале војниците да одржуваат богослуженија во Адвентистичка црква.

Тогаш се вклучила и адвентистичката црква од целиот свет. Дарот на 13-тата сабота од третото тримесечје на 2007 година обезбеди средства за довршување на црквата: прекрасни витражни прозорци кои беа поставени околу работ на куполестиот таван на црквата и витражни панели зад говорницата на кои е прикажано логото на адвентистичката црква на седмиот ден со раце како се молат.

Воената црква била посветена на Бога на 1 ноември 2008 година. А плочата што се наоѓа пред главниот влез го содржи списокот на делегати кои присуствувале на свеченото отворање. Меѓу нив бил и директорот на Одделението на адвентистичката капеланска црква при Генералната конференција, кое ја надгледува работата на црквата за луѓето кои служат во вооружените сили.

Во друг дел од градот, националната полиција на Гана дознала за новата адвентистичка црква во касарната. Тие, исто така, сакале адвентистичка црква на кампусот на нивната национална академија. Полициските службеници се обратиле до црковните водачи со молба: „Ако

ви дадеме земјиште кај полициската академија, дали би изградиле црква?", прашале тие.

Тоа била понуда што црковните водачи не можеле да ја одбијат. Започнале да собираат средства за изградба на адвентистичката црква при полициската академија.

„Гледајќи што направивме во воената касарна, ни доверија да изградиме нова црква", вели водачот на локалната црква Кристофер Анан-Нуно, кој служи како извршен секретар на Јужната област при Ганската унија.

**Зграда која проповеда**

Црквата во воената касарна се покажала како светлина за вооружените сили, рекол потполковникот Питер Дуоду, воен капелан при Адвентистичката црква. „Благодарение на оваа зграда, луѓето сакаат да дојдат овде и да го слават Бога", кажува тој. „Тие велат: „Вашата зграда е преубава". Значи, дури и да не проповедаме, зградата проповеда во наше име".

Тој смета дека воениот персонал, кој го слави Бога во таа црква, ќе стекне подобро разбирање на адвентистичката вера и што е најважно, ќе учи за Бога и спасението.

Самуел Марфон, полицаец ветеран, офицер и единствениот адвентистички капелан во полициските сили на Гана, се надева дека идната црква на кампусот на полициската академија ќе има слично влијание. Се очекува црквата да има од 1.500 до 2.000 седишта. „Господ ќе го направи тоа за нас. Тој ќе ја изгради црквата".

Јосија Нварунгва, директорот на Одделението на адвентистичката мисија за Западна и Централна Африка, чија територија ја опфаќа Гана, е воодушевен од влијанието што проектот на 13-тата сабота од 2007 година во војската го извршил врз полицијата.

„Адвентистичката црква е присутна во војската на Гана. Моја молитва е Господ да направи тоа да биде центар на влијание за вечност за луѓето кои доаѓаат во допир со црквата".

Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота од 2007 година, кои имаа големо влијание во воените и полициските кругови во Гана. Дарот на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе има големо влијание врз животот на луѓето во Гана. Тој, исто така, ќе помогне да се прошири Адвентистичката школа за медицински сестри и акушерки со изградба на нови училници и спални соби.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар 13-тата сабота од ова тримесечје, на 30 декември.

Ендрју Мекчесни



# Напад со мачета

Ненси

ГАНА | 9 декември

Тринаесетгодишната Ненси одела на училиште носејќи остра мачета во западноафриканската држава Гана.

Наставничката ги замолила децата да помогнат во сечењето на тревата и грмушките околу училиштето, па Ненси позајмила мачета од нејзиниот татко. Таа била подготвена да ја коси тревата.

Потоа се случила трагедија.

На пат кон училиште, Ненси се сретнала со својата шеснаесетгодишна братучетка Акуба, со која набрзо се скарала.

Акуба ја обвинила Ненси дека шири лажни гласини, а Ненси луто се бранела.

Како што се разгорувала расправијата, Акуба ѝ ја грабнала мачетата од рацете на Ненси и почнала да замавнува со неа.

Во тој момент се појавил таткото на Ненси. Некој видел како девојките се тепаат и побрзал да го извести.

Токму кога Акуба замавнала кон Ненси, таткото зачекорил меѓу двете девојчиња.

Мачетата му го отсекла врвот на носот на таткото. Ненси почнала да плаче. Таткото итно бил префрлен во болница.

За жал, докторот не можел да го сошие и да го врати врвот на носот на татко ѝ.

Тој ја обработил раната и го оставил таткото во болница под грижа на медицинска сестра по име Естер. Тука тој останал извесно време за да закрепне. Сестрата Естер оставила силен впечаток кај него и тој сакал да ја запознае со ќерка му Ненси.

„Таа е добра медицинска сестра“, рекол таткото. „Отсекогаш сакав да станеш медицинска сестра.“ Откако видел каква грижа му пружила оваа медицинска сестра на нејзиниот татко, Ненси одлучила да стане медицинска сестра. Поминале неколку години и таа завршила средно училиште. Сакала да го продолжи своето образование. Додека барала медицински факултет на кој би студирала, наишла на адвентистичката виша школа за медицински сестри и акушерки.

Отпрвин мислела дека само адвентистите смеат да учат таму, а таа не била адвентист.

Меѓутоа, школата ја прифатила нејзината пријава. Кога ги започнала студиите, сфатила дека многу студенти не се адвентисти. Некои не биле ни христијани.

Ненси отсекогаш се сметала себеси за христијанка, но го променила мислењето кога присуствувала на седмицата за духовно обновување во оваа школа.

Читајќи текстови од Библијата, пасторот подучувал за тоа како да се живее христијански живот и таа со новите сознанија сфатила дека нејзиниот живот отстапува од овој христијански идеал. Ненси сакала да

биде вистинска христијанка. На крајот од седмицата на предавањата за духовна преродба, таа решила да му го предаде животот на Христа и да биде крстена.

Денес Ненси има 22 години и таа е сосема нова личност.

Нејзиниот живот се променил откако му го предала на Исуса.

Таа ја читала својата Библија само за време на викендите во црква, но сега издвојува време секој ден за лично проучување и редовно читање на Библијата. Освен тоа, сака и да се моли.

Таа едвај чека да дипломира и да се грижи за луѓето како медицинска сестра. Можеби дури и ќе го продолжи своето образование и ќе стане доктор.

„Татко ми беше среќен кога му реков дека сакам да се крстам“, кажува таа. „Тој го знае мојот минат живот. Тој беше среќен кога виде дека се променив за време на моето образование, и дека сега имам сосема нов живот“.

Дел од вашите дарови на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогне да се прошири адвентистичкото образование во Гана. Средствата ќе бидат вложени за изградба на нови училници и спални соби во вишата школа за медицински сестри и акушерки, која при отворањето во 2015 година имаше 22 ученика, а сега има 770 ученици.

Ова е вистинско мисионско училиште, каде само 30 отсто од учениците се адвентисти.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар на 13-тата сабота од ова тримесечје, на 30 декември.

## Во врска со искуството

- Овонеделната библиска поука зборува за мостови или допирни точки што ќе овозможат подлабок духовен разговор со другите (видете вторник, 5 декември). Каков мост или допирна точка ја довела Ненси до подлабока заедница со Бога? Можен одговор: медицинската служба. Додека Ненси се школувала да стане медицинска сестра, таа се поврзала со верниците на Адвентистичката црква, а во школата за обука на медицински сестри и акушерки, научила што значи да се има подлабока зедница со Бога.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионерската цел број 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Кофи Анан (1938–2018) е еден од најпознатите Ганци. Тој бил генерален секретар на Обединетите нации од 1997 до 2006 година. Во 2001 година ја добил Нобеловата награда за мир.

  Гана, тогаш наречена „Златниот брег“, ја прогласила својата независност од Велика Британија на 6 март 1957 година.



# Госпоѓа Анатомија

Абигејл

ГАНА | 16 декември

Абигејл не знаела што да прави.

Повеќе од сè таа сакала да стане медицинска сестра.

Меѓутоа, таа морала да работи за да ги плати трошоците за своите студии, така што немала доволно време за да се подготви за наставата.

Абигјејл штотуку ја започнала својата прва година на студии во адвентистичката висока школа за обука на медицински сестри и акушерки во западноафриканската земја Гана.

Часовите по анатомија и физиологија биле особено тешки.

Навечер Абигејл плачела затоа што не можела да ги разбере овие предмети. Кога ќе се разбудела наутро, повторно почнувала да плаче.

Имала 8 предмети, но поради обврските ѝ останувало малку време за домашните задачи. Таа очајно се молела на Бога да ѝ помогне да ги положи овие предмети, особено анатомија и физиологија.

По првиот колоквиум, професорот кој го предавал часот по анатомија и физиологија, рекол: „Најдобриот постигнат резултат е 75%.

Абигејл воздивнала и помислила: „Ах, тогаш мора да сум имала сработено точно 35%.

Професорот не кажал кој од студентите имал најдобар резултат.

Следниот ден, кога оценетите трудови им биле вратени на учениците, Абигејл видела дека токму таа имала 75%. Не можела да им поверува на очите.

Една колешка што седела во близина шепнала: „Што доби?“ Абигејл ѝ го покажала листот.

„Значи, ти си таа што има најдобар резултат!“ – извикала колешката. Абигејл се чувствувала непријатно. „Те молам, не кажувај никому“, ѝ рекла таа. „Добро, нема“, одговорила другарката.

Тајната на Абигејл била откриена кога добила 100% на следниот колоквиум. Професорот ѝ се обратил пред сите ученици во класата.

Имаше највисока оценка на првиот колоквиум“,  рекол тој. „И на вториот постигна највисок резултат. Сега имаш 100 проценти. Немој да се криеш повеќе. Кога ќе поставам прашање, слободно одговори“.

Абигејл почнала слободно да одговара на прашањата за време на наставата. Понекогаш воопшто и не кревала рака за да одговори, туку само одговарала.

Наскоро, нејзините соученици и дале прекар „Госпоѓа Анатомија“. Не ѝ пречел нејзиниот нов прекар. Само ќе се насмевнела кога така ќе ја наречеле колегите.

Уште повеќе се насмевнувала кога ги добила резултатите од завршниот испит. Ја добила највисоката оценка.

Абигејл сите заслуги за совладувањето на предметите анатомија, физиологија и други предмети му ги припишува на Бога. Денеска таа е трета година и има највисок просек од кој било друг студент. Таа добила и делумна стипендија што ѝ ја

олеснува понатамошната работа.

„Сето тоа е Божјо дело“, вели таа. „Тоа не се должи на моите заслуги. Му благодарам на Бога за сѐ“.

Откако присуствувала на предавањата за духовна преродба на кампусот, одлучила да се крсти и на тој начин да се придружи на адвентистичката црква. Таа го сака Бога со сето свое срце и сака да живее за Него.

Меѓутоа, дома се соочила со отпор. Блиска роднина која припаѓа на друга деноминација ја омаловажувал нејзината желба, нарекувајќи ја грев.

Абигејл не знаела што да прави. Таа не знаела кому може да му се обрати освен на Бога. Се молела Бог да ѝ помогне. Таа е убедена дека Бог, кој и помогнал да добие добри оценки, ќе ѝ помогне верно да му служи сега и засекогаш. Молете се за Абигејл додека ја бара Божјата волја во нејзиниот живот.

Молете се за сите 770 студенти на Адвентистичката виша школа за медицински сестри и бабици.

Дел од вашите дарови на Тринаесеттата сабота ова тримесечје ќе помогне да се прошири адвентистичкото образование во Гана. Средствата ќе се вложат во изградба на нови училници и спални соби во вишата школа за медицински сестри и акушерки, која при отворањето во 2015 година имала 22 студенти, а сега има 770.

Ова е вистинска мисионска школа, каде само 30 проценти од учениците се адвентисти.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар во 13-тата сабота од ова тримесечје, на 30 декември.

## Во врска со искуството

- Откако ќе ја споделите мисионската сторија за патувањето на Абигејл до Христа во адвентистичката виша школа, замолете ја вашата саботношколска класа да го разгледа ова прашање од лекцијата за оваа седмица: „Како го запознавте Исуса и пораката на тројцата ангели? Наведете три духовни благослови што сте ги доживеале во вашиот личен живот.“ (Видете го текстот од четврток, 14 декември) Дали некој во класата се соочил со конфликти или семејни расправии како Абигејл? Каков совет би ѝ дале на Абигејл додека копнее да ја продлабочи својата вера?
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Цел бр. 2: „Зајакнете го адвентистичкото дело во големите градови, преку прозорецот 10/40, меѓу недосегнатите и недоволно запознаени групи луѓе со адвентистичките учења“.Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Главен град на Гана е градот Акра, и се наоѓа на јужниот брег. Самиот град има околу 284.000 жители, но пошироката област опфаќа речиси 5,5 милиони луѓе.



# Избегнување на заповедите

Натаниел

ГАНА | 23 декември

Шеснаесетгодишниот Натаниел бил изненаден додека слушал како проповеда пасторот во западноафриканската држава Гана.

Пасторот читал од Библијата од проповедалната за време на неделната служба, а Натаниел од своето место го следел текстот во Библијата.

Во 2. Мојсеева 20 глава, пасторот ги читал Десетте заповеди, една по една. Меѓутоа, тој прескокнал една од заповедите.

По проповедта, Натаниел отишол кај пасторот да го праша зошто не ја спомнал четвртата заповед.

„Можеш да го славиш Бога секој ден“, одговорил тој. „Не е важно кој ден го празнуваш.“ Изненадувањето на Натаниел растело. Тој никогаш не сметал дека некоја од Десетте заповеди не е задолжителна.

Дома, неколку пати ја прочитал четвртата заповед во Библијата. Ги прочитал Божјите зборови: „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш. 9 Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; 10 а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни добитокот твој, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе. 11 зашто за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сè што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети“ (2. Мојсеева 20,8-11).

На покана на некој свој пријател отишол на неделно богослужение во друга црква. Следната недела го посетил пасторот на својата црква за да праша за четвртата заповед. Неговиот пастор го дал истиот одговор како и претходниот.

„Можеш да го славиш Бога секој ден“, му рекол тој.

Натанаел почнал сериозно да ја проучува Библијата. На кое место Библијата вели дека може да се слави секој ден? Тој се молел на Бога да му ја открие вистината. Одговорот го нашол во Јаков 2,10, кој вели: „Зашто, кој го пази сиот закон и греши во едно, виновен е за сè“. Тој почнал да размислува дека можеби за Бога е важно тој да ја празнува саботата како седми ден.

Натаниел слушнал за адвентистите на седмиот ден, но освен нив, не знаел за други христијани кои своите богослуженија ги одржуваат во сабота. Меѓутоа, во неговиот град немало адвентисти.

Тој се молел: „Ако седмиот ден за Тебе е навистина важен, те молам да направиш адвентистите на седмиот ден да дојдат во ова место и да организираат овде евангелски состаноци“.

Сметал дека одговорот на неговата молитва ќе докаже две работи: дека Бог ја слушнал неговата молит-

ва и дека саботата е важна за Него.

Следниот ден ја повторил молитвата, како и наредниот ден.

„Боже, ако е седмиот ден свет ден, нека дојдат адвентистите кај мене и нека одржат серија евангелски состаноци“.

Околу осум месеци подоцна, адвентистите дошле. Натаниел бил многу среќен! На крајот од серијата предавања, тој се крстил заедно со неговата помлада сестра која присуствувала на евангелските состаноци заедно со него. Биле крстени вкупно 50 луѓе, и адвентистите на седмиот ден основале црква во градот.

Денес, Натаниел има 23 години и учи да стане професор.

„Бог ги услиши моите молитви“, вели тој. „Пред да пристигнат адвентистите во мојот град, тие веќе имаа придобиено една душа“.

Дел од вашите дарови на Тринаесеттата сабота ова тримесечје ќе помогне да се прошири адвентистичкото образование во Гана. Средствата ќе се вложат во изградба на нови училници и спални соби во вишата школа за медицински сестри и акушерки, која при отворањето во 2015 година имала 22 студенти, а сега има 770.

Ова е вистинско мисионско училиште, каде само 30 проценти од учениците се адвентисти.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушен дар во 13-тата сабота од ова тримесечје, на 30 декември.

## Во врска со искуството

- Овонеделната лекција нагласува дека Бог може да употреби еден зрак светлина за да приведе многу луѓе кај Себе. Стихот што требаше да го запомниме од оваа лекција гласи: „... Јас ќе Те направам светило за народите, за да се рашири спасението од Господ до краиштата на земјата“ (Исаија 49,6, втор дел) Прашајте ја вашата саботношколска класа како Натаниел бил светлина во својата заедница. Можен одговор: Светиот Дух му сведочел на Натаниел за вистината и го поттикнал да се моли за евангелските состаноци во неговиот град. Бог осум месеци ги слушал неговите молитви, а состаноците на крајот резултирале со крштевање на 50 луѓе.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1983 година, Ганаецот Ферди Адобо поставил Гинисов рекорд за најбрза трка на 100 метриназачки, кој изнесувал 12,7 секунди.

## Програма на 13-тата сабота 30 септември 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „На вечната стена ѕидаме“, песна бр. 158 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Од натприродното“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Силно свети милост Божја“, песна бр. 216 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги знаат напамет нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сè од скриптата. Вежбајте ја целокупната програма, за да можаат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важо.)*



# Важноста на еден повик

Сузана

ГАНА | 30 декември

Неколку стотици адвентисти и нивните пријатели се тискале во црквата на кампусот на државниот универзитет во западноафриканската држава Гана.

По саботното богослужение, на собирот на адвентистичките мисионски работници, пасторот ги повикал оние што му го предале срцето на Исуса да излезат и да го споделат своето искуство.

Меѓу оние кои останале по богослужението била и 22-годишната студентка по име Сузана.

Сузана, срамежливо се насмевнала и рекла дека му го предала своето срце на Исуса само неколку месеци претходно, откако се спријателила со студентите адвентисти на универзитетот.

Кога ја замолиле да изнесе детали, таа рекла дека нејзината приказна започнала пред две години во нејзиниот роден град.

Додека била дома на распуст, сопругата на нејзиниот брат ја поканила да дојде во Адвентистичката црква на обредот посветување на нивното дете. Снаата, чие име е Камфорт (Утеха), била единствениот член на адвентистичката црква во семејството. Таа сакала нејзиниот новороден

син, Раичес (Праведник), да биде посветен на Господ.

Сузана никогаш претходно не стапнала во адвентистичка црква.

Таа се согласила да оди со нејзината снаа.

Атмосферата на богослужението ја трогнала. Посебно ѝ се допаднале музиката и песните. Сакала повторно да дојде.

Но, Камфорт не ја повикала повторно, а ни самата таа не отишла.

Кога се вратила назад на факултет, Сузана станала добра пријателка со студентката по име Лидија, која била адвентистка.

Поминало извесно време и Лидија ја поканила Сузана да се придружи на групата од 30 студенти адвентисти на молитвен состанок. Студентите пееле и се молеле, а еден од нив проповедал за Исус. Сузана уживала на молитвениот состанок, а Лидија ја повикала повторно да присуствува. Сузана почнала редовно да доаѓа на црковните богослуженија со групата студенти.

Еден ден Лидија ѝ рекла: „Ајде да одиме да евангелизираме. Дали би сакала да ни се придружиш?"

Студентите адвентисти планирале дел од распустот меѓу семестрите да го поминат одејќи од врата до врата и продавајќи книги во градот кој се наоѓал на околу 20 километри од универзитетот. Студентите ги повикувале луѓето да присуствуваат на евангелските состаноци што биле организирани таа вечер. Пасторот проповедал на тие состаноци. Сузана се согласила да помогне.

Таа се придружила на групата од 25 други студенти адвентисти кои оделе од врата до врата наутро, а потоа присуствувале на евангелските состаноци навечер. Секоја вечер на состаноците доаѓале повеќе од 50 луѓе.

На почетокот на првиот состанок, Лидија ја прашала Сузана дали сака да се крсти.

„Да", одговорила Сузана.

Додека секоја вечер ги слушала предавањата, во нејзиното срце растела желбата да се крсти. Таа била особено заинтересирана да слушне проповед во која се зборува за седмиот ден, сабота.

Таа видела дека проповедникот ја следи Библијата. Уживала во музиката и пеењето. Знаела што сака да прави понатаму. Но дали некој повторно ќе ја повика?

На крајот од серијата состаноци, Лидија ѝ поставила прашање: „Дали навистина сакаш да се крстиш?" Сузана сега со сигурност знаела.

„Да, навистина би сакала", одговорила таа.

Сузана била меѓу 20-те луѓе што се крстиле.

Лидија била пресреќна кога Сузана излегла од водата на базенот за крштевање, и силно ја прегрнала.

По овие евангелски средби, Сузана се вратила во својот роден град и ѝ кажала на Камфорт за своето крштевање. Камфорт била многу среќна. Таа повеќе не била единствената адвентистка во семејството.

Зошто Сузана му го предала срцето на Исуса? Нема сомнение дека Светиот Дух дејствувал на нејзиното срце. Но, процесот започнал со едноставен повик да дојде во црква.

„Кога отидов во адвентистичката

## Во врска со искуството

- Во библиската поука за оваа седмица се споменува голем предизвик - да поканите некого во црква (видете четврток, 28 декември). Сузана му го предала срцето на Исуса откако неколку пати била повикана да дојде во црква. Разговарајте во саботношколската класа за важноста да ги повикувате луѓето да дојдат во црква. Што би се случило кога никој не би ја повикал Сузана по втор пат? Што е најважно, што се случило кога Лидија ја поканила Сузана да дојде на богослужение со другите студенти адвентисти, како и во мисионство, да оди од врата до врата продавајќи адвентистичка литература и повикувајќи ги луѓето на евангелски состаноци? Кого можете да поканите во црква следната сабота?

  Прикажете на картата во кои места ќе се реализираат проектите на 13-тата сабота. Во Гана, денешните дарови ќе ја поддржат адвентистичката школа за медицински сестри и акушерки во Асаманг. Во Камерун, даровите ќе го поддржат француско-англиското основно училиште во Банџун. Мисионската карта со проектите на оваа дивизија можете да ја преземете на Facebook: bit.li/fb-mk.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

  Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Западноцентралната африканска дивизија: bit.ly/wad-2023.

- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

црква за прв пат, ми се допадна целото богослужение“, вели таа. „Но, не бев повторно повикана, па затоа не отидов. Чекав на друг повик. Потоа ме повикаа во универзитетската црква на кампусот, и отидов. На крајот станав адвентист“.

Дел од вашите дарови оваа 13. сабота ќе им помогне на два проекти во оваа дивизија. Средствата ќе бидат вложени за изградба на нови училници и спални соби во високата школа за обука на медицински сестри и акушерки во Гана, каде што студира Сузана и за отворање двојазично училиште во Камерун каде што децата ќе можат да учат за Исуса на француски и на англиски јазик.

Ви благодариме за вашите великодушни дарови што ќе ги приложите денес.

*(Собирање на дарот придружено со инструментална музика)*

# Идни проекти на 13. сабота

**Проектите кои ќе бидат во центарот на вниманието следниот квартал доаѓаат од Одделот за Јужна Азија на Генералната конференција на Адвентистичката христијанска црква.**

1 Изградба на училници и лаборатории во училиште, Палаккад, Индија.

2 Изградба на црквата „Ловри“ на англиски јазик на Адвентистичкиот колеџ во Бенгалуру, Индија.

3 Изградба на централна црква на англиски јазик во Бенгалуру, Индија.

4 Изградба на средно училиште во Аурангабад, Индија.

5 Изградба на дом за девојки, детска сала во академијата Сијанг Вали, во Пасигат, Индија.

6 Изградба на женски студентски домови во средното училиште ЕД Томас Меморијал во Тањавур, Индија.

- Реновирање на конференцискиот центар и трпезаријата во младинскиот камп Куајет Корнер во Мангинапуда, Индија.
- Реновирање на училишната зграда „Ани“, Индија.
- Изградба на училници во училиштето Намунагар на Андаманските Острови, Индија.
- Изградба на училници и административна зграда во училиштето „Гади“ во Удајапур, Непал.



# Мисионско катче

- **Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.**
- **За да се осигураме средствата за мисијата никогаш да не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.**
- **Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.**

РЕЦЕПТ
Кандирани кикирики
(Камерун)

СОСТОЈКИ:
250 гр печени кикирики, излупени
10 ml вода
130 гр шеќер
70 гр кафеав шеќер
2 лажички мелен цимет (по избор)
½ лажичка морско оревче (по избор)
½ лажичка екстракт од ванила (по избор)
½ лажичка кајен пипер (по избор)

ИНСТРУКЦИИ:

Загрејте ја водата во тава од 30 см на средна топлина. Додадете шеќер, зачини и екстракт од ванила и почекајте да зоврие. Додадете печени кикиритки. Повремено мешајте додека шеќерот не ги премачка кикириките и кристализира, околу 15 до 18 минути. Тргнете ја тавата од оган, а кикириките намачкајте ги на плех или плех. Оставете да се излади и послужете.



# ИЗВОРИ ЗА ВОДАЧИТЕ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Западноцентралната африканска дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

Websites

| | | |
|---|---|---|
| Гана: | government website | bit.ly/Gov_Ghana |
| | World Travel Guide | bit.ly/WTG_Ghana |
| | WikiTravel | bit.ly/WT_Ghana |
| Камерун: | government website | bit.ly/Gov_CamPM |
| | Lonely Planet | bit.ly/LP_Cameroon |
| | WikiVoyage | bit.ly/WV_Cameroon |
| Гвинеја: | government website | bit.ly/Gov_RoG |
| | World Travel Guide | bit.ly/WTG_RoG |
| | Lonely Planet | bit.ly/LonePlan_RoG |

Seventh-day Adventist

| | |
|---|---|
| West-Central Africa Division | bit.ly/WAD-FB |
| Cameroon Union Mission | bit.ly/SDA_CAUM |
| Northern Ghana Union Conference | bit.ly/SDA-NGUC |
| Eastern View Ghana Conference | bit.ly/SDA_EVGC |
| Universite Adventiste Cosendai (Cameroon) | bit.ly/SAD_UAC |

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 4/2023**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
„Влае“ бр. 42
1000 Скопје

tometrajkov@gmail.com
www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави  целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.




## ЗАПАДНОЦЕНТРАЛНА АФРИКАНСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Камерунска мисија | 997 | 628 | 117,948 | 27,338,000 |
| Централна африканска мисија | 142 | 132 | 16,518 | 31,719,000 |
| Источна нигериска унија | 714 | 661 | 171,839 | 47,395,656 |
| Источна сахелска мисија | 217 | 387 | 28,779 | 94,565,000 |
| Северна ганска мисија | 1,027 | 1,125 | 198,113 | 15,345,335 |
| Северна нигериска унија | 277 | 385 | 51,594 | 101,513,800 |
| Јужна ганска унија | 1,036 | 1,241 | 182,590 | 17,027,665 |
| Западна африканска мисија | 144 | 171 | 43,580 | 26,818,000 |
| Западна нигериска унија | 318 | 476 | 61,505 | 62,489,544 |
| Западна сахелска мисија | 68 | 87 | 16,730 | 47,850,000 |
| **ВКУПНО** | 4,940 | 5,293 | 889,196 | 472,062,000 |

## ПРОЕКТИ

1. Адвентистичка школа за медицински сестри и акушерки, Абрепо Тикесе, Гана
2. Двојазично англиско/француско основно училиште, Банџун, Камерун